РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Општина Аеродром-Скопје

Примено: 02-02-2022			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	76/1	2	-

Број: 09-319/5
Датум: 21.01.2022

ООУ„Ѓорѓија Пулевски“ – Скопје

Извештај од контролна евалуација

Датум на инспекциски надзор:	21.01.2022
Број на инспекциски надзор:	09-1088/5
Раководител на инспекциски тим:	Зоран Димитријевиќ
Друг член на тимот:	Нада Николова

Вид на училиштето:	Основно училиште
Основач на училиштето:	Општина Аеродром
Наставен јазик:	Македонски
Број на ученици:	989
Полова структура на ученици:	508 машки и 481 женски
Број на наставници:	72
Претседател на училишниот одбор:	Зоран Наков
Директор на училиштето:	Марјан Јовановски
Датум на извршената интегрална евалуација:	23 – 25 април 2019 година
Адреса на училиштето:	бул.Јане Сандански бр 27а - Скопје
Телефон:	02-2455-510
Факс:	/
e-mail:	gpulevski@yahoo.com

Контролниот инспекциски надзор се врши согласно член 36 од Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекцискиот надзор на просветната инспекција (Сл. весник на Република Македонија бр. 52/2005 година).

Препорака 1: Училиштето да воспостави соработка со училиште од друга националност за реализирање на активности од МИО проектот и зголемување на содржини за меѓуетничка интеграција во предметна настава
Училиштето има изготвено Програма со активности поврзани со МИО. Спроведена е анкета помеѓу родители и ученици, со цел да се воочи ставот на анкетираните за меѓуетничка соработка помеѓу училиштата. Училиштето има склучено Меморандум за соработка со облици и начин на соработка со дел.бр. 03-48/1 од 20.01.2022 година.
Заклучок: Училиштето постигна добар напредок во однос на оваа препорака

Препорака 2: Училиштето да спроведе анализа за напредокот на учениците од првиот воспитно образовен период (прво до трето одделение)
На тримесечие, полугодие и крајот на учебната година сите наставници до педагошко-психолошката служба имаат доставено табеларни извештаи по одделенија во кој е внесен напредокот на учениците во првиот образовен период (I – III) одделение. Исто така, во проценти се прикажани и изостаноци на учениците. Во табелите е прикажана и структурата на учениците според пол и етничка припадност. Во училиштето е изготвена анализа за успехот на учениците и изостаноци за последните три учебни години.
Заклучок: Училиштето постигна добар напредок во однос на оваа препорака

Препорака 3: Да се усогласни програмскиот докумет-Годишната програма за работа на училиштето за 2018/2019 година согласно Статутот на училиштето
Во однос на оваа препорака училиштето го има прилагодено програмскиот документ Годишна програма за учебната 20218/2019 година согласно Статутот на училиштето. Училиштето има изготвено Годишна програма за учебната 2021/2022 година со бр.01-401/1 од 26.07.2021 година согласно Статутот на училиштето.
Заклучок: Училиштето постигна мн. добар напредок во однос на оваа препорака

Препорака 4: Да се зголеми бројот на интегрирани меѓупредметни цели во предметна настава
По однос на оваа препорака училиштето има разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели. Наставниците во предметната настава во своите долгорочни планирања, во тематските процесни планирања и во дневните планирања имаат изготвено интегрирани меѓупредметни цели.
Заклучок: Училиштето постигна добар напредок во однос на оваа препорака

Препорака 5: Дежурства од страна на наставниците редовно да се реализираат согласно планирањата

По однос на оваа препорака училиштето има изготвено распоред со дежурства на наставниците на 4 влеза на училиштето за учениците од одделенска и предметна настава, пред почетокот на наставата, за време на одморите на учениците како и за време после завршување на наставата. Распоредод е истакнат јавно и е заверен со дел.број 09-507/2 од 31.08.2021 година.
Заклучок: Училиштето постигна добар напредок во однос на оваа препорака

Препорака 6: Училиштето да обезбеди наставник по техничко образование
По однос на оваа препорака училиштето во учебната 2021/2022 година има обезбедено наставник по предметот техничко образование. Часовите се заведени во електронскиот дневник за наставна работа по наставни денови и предмети. Наставникот по техничко образование има оценки за успехот и поведението на учениците.
Заклучок: Училиштето постигна добар напредок во однос на оваа препорака

Препораки: Училиштето да го продолжи континуитетот во работењето

Раководител на инспекцискиот тим

Зоран Димитријевиќ

Член на инспекциски тим

Нада Николова